ЗДРЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бул. "Крсте Мисирков", б.б., Судска Палата, 1000 Скопје
tel/faks: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

ASSOCIATION OF PUBLIC PROSECUTORS OF THE REPUBLIC OFMACEDONIA
KrsteMisirkovb.b. Court Palace, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/Fax: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗЈОРМ

во период од 23.02.2013 до 24.02.2014година

1. Работни средби со претставници од Британската Амбасада и склучување на меморандум за соработка;
2. Редовни работни средби со претставници на Мисија на ОБСЕ во Скопје, одделот за владеење на право и одделот за правосудни реформи;
3. Работни средби со претставници од Амбасадата на САД – Програма ОПДАТ;
4. Меморандум за соработка помеѓу ЗЈОРМ и Македонско здружение на млади правници;
5. Состанок со експерти од Европската Унија за зголемување на поддршката на ЕУ во процесот на унапредување на работата на ЗЈОРМ;
6. Изолациона сесија за почетни насоки кон стратегијата за Односи со јавност на јавните обвинителства;
7. Изготвување на предлог правилник од страна на работна група за пробно оценување на работата на Јавните обвинители и изработка на професионално досие, спроведување и реализирање на пробното оценување;
8. Формирање на работна група во соработка со ОБСЕ, Здружението на судии на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија и Јавното обвинителство на Република Македонија, за изработка на насоки за Казнена политикасо цел нејзино унифицирање;
9. Формирање работна група за изготвување нацрт текст на Закон за Јавно обвинителство и Кривичен Законик;
10. Две работилници на тема: Финансиски истраги, за подрачје на Вишо Јавно обвинителство Битола и Вишо Јавно обвинителство Гостивар;
11. Учество на повеќе Јавни обвинители на семинар на тема: “Форензички науки“ на покана на Американската Амбасада во Скопје;
12. Семинар компјутерски криминал;
13. Во соработка со Мисијата на ОБСЕ реализиран семинар на тема “Жртви на кривични дела“;
14. На покана на Американската Амбасада, програма ОПДАТ, учество на тројца обвинитли на работилница на тема “Советување за ефикасно учество во судска постапка“ во Дубровник, Република Хрватска;
15. Издавање на брошура за доследно претставување на ЗЈОРМ, со поддршка на УСАИД;
16. Изготвен Правилник за Солидарен фонд;
17. Донесен Правилник за начинот и постапката за набавки од мала вредност;
18. Правилник за членски книшки за членовите на ЗЈОРМ;
19. Набавка на роковници за сите членови на Здружението;
20. Набавка на рачни часовници за членовите на ЗЈОРМ кои се пензионираат, како знак на благодарност за постојаното активно членство;

ЗДРЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бул. "Крсте Мисирков", б.б., Судска Палата, 1000 Скопје
tel/faks: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

ASSOCIATION OF PUBLIC PROSECUTORS OF THE REPUBLIC OFMACEDONIA
KrsteMisirkovb.b. Court Palace, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/Fax: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

1. Во соработка со Мисијата на ОБСЕ организиран е дводневен семинар на тема "Компјутерски криминал, Основни поими и термини" кој беше во насока на идентификацја на националното законодавство за компјутерски криминал, идентификација на различните видови на инкриминација и на специфичностите во македонското казнено законодавство во рамки на меѓународната легислатива.Семинарот се одржа во хотел Арка во Скопје, на 12 и 13 Јуни 2013 година. Учесници беа јавни обвинители, судии и претставници од Министерството за внатрешни работи. Предавачи на овој семинар беа г-дин Владимир Милошески, Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Марјан Стоилковски,Раководител на Одделението за компјутерски криминал/Оддел за организиран криминал/МВР, Најџел Џонс, Консултант на Советот на Европа за компјутерски криминал, вонреден професор на Катедрата за компјутерски науки на Универзитетот Canterbury Christchurch во Велика Британија. Во рамки на овие активности беше изработен и Лексикон за основни термини на компјутерски криминал и компјутерите воопшто.
2. Во насока на активното залагање на ЗЈОРМ во унапредувањето и реформата на правниот систем во државата, заедно со Јавното обвинителство на Република Македонија беше формирана работна група за изработка на предлог текст на Законот за Јавно обвинителство. За таа цел беа одржани повеќе работни состаноци и една изолациона сесија, од кои произлезе конечен текст на предлог нацртот на Законот за јавно обвинителство. Работната група ја сочинуваа,г-дин Марко Зврлевски, Јавен обвинител на РМ, Претседател на ЗЈОРМ, г-дин Јован Илиевски, Јавен обвинител на ОЈО за ГОКК, претседател на комисијата за меѓународна соработка, член на работните групи за КЗ и ЗЈО, г-дин Љупчо Коцевски, Јавен обвинител воВЈО Гостивар, координатор на групата за КЗ, г-дин Димче Пажески, Јавен обвинител на ВЈО Битола, координатор на групата за КЗ, г-дин Тодор Витларов, Јавен обвинител во ВЈО Штип, претседател на групата за ЗЈО и КЗ, г-ѓа Катица Јанева, Јавен обвинител на ОЈО Гевгелија, претседател на групата за ЗЈО, г-ѓа Спасенка Андонова, Јавен обвинител во ОЈО за ОКК, член, г-ѓа Анита Тополова Исајловска, Јавен обвинител во ВЈО Скопје, член, г-дин Трајче Пеливанов, Јавен обвинител во ОЈО Скопје, член, г-дин Наум Паноски, Јавен обвинител во ОЈО Охрид, член, г-дин Ристо Бојаџиски, Јавен обвинител на ОЈО Штип, член, г-ѓа Лејла Кадриу, Јавен обвинител во ОЈО Тетово, член, г-ѓа Деса Пауновска, Јавен обвинител во ОЈО за ГОКК, член, г-дин Љубомир Лапе, Јавен обвинител во ОЈО Куманово, член, г-ѓа Елизабета Јосифоска, Јавен обвинител во ОЈО Гостивар, член. Предлог нацртот на законот беше доставен до Претседателот на Владата на РМ, Министерството за правда, како и до Вишите јавни обвинителства. Текстот беше објавен и на веб страната на здружението.

3. Во текот на изминатите три години, Здружението на јавни обвинители во РМ (ЗЈОРМ) со поддршка на Одделот за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во

ЗДРЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бул. "Крсте Мисирков", б.б., Судска Палата, 1000 Скопје
tel/faks: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

ASSOCIATION OF PUBLIC PROSECUTORS OF THE REPUBLIC OFMACEDONIA
KrsteMisirkovb.b. Court Palace, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/Fax: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

Скопје блиску го следеше и беше вклучено во процесот на понатамошна поддршка на независноста на судството и на изменување и подобрување на системот за оценување на јавните обвинители.Во текот на 2012 година беше оформена работна група, составена од јавни обвинители од различни нивоа за подготовка на Предлог Правилник за начинот на оценување на работата на јавните обвинители. За 2013 година повторно со поддршка на Одделот за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје, работната група учествува во подготовка на лично досие за оцена на обвинителите и во спроведување на пилот оценување со цел да се испита ново развиениот систем каде оценувањето е спроведено од страна на непосредниот претпоставен. Наодите од проектните активности во 2013 година ќе бидат презентирани на релевантната работна група при Министерството за правда.За таа цел беа спроведени четири пробни оценувањана предметното работење на јавни обвинители, и тоа во ОЈО Гевгелија, ОЈО Штип, ОЈО Гостивар и ВЈО Гостивар.
Членови на работната група се, јавен обвинител Љупчо Коцевски од Вишо јавно обвинителство Гостивар, Јавен обвинител Елизабета Јосифоска од Основно јавно обвинителство Гостивар, Јавен обвинител Анита Тополова Исајловска од Вишо јавно обвинителство Скопје, Јавен обвинител Трајче Пеливанов од Основно јавно обвинителство Скопје, Јавен обвинител Спасенка Андонова од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Јавен обвинител Ристо Бојаџиски од основно јавно обвинителство Штип, Јавен обвинител Борче Јанев од Основно јавно обвинителство Делчево и Јавен обвинител Катица Јанева од Основно јавно обвинителство Гевгелија.

По спроведените пробни, анонимни оценувања, членовите на работната група донесоа заклучок дека предлог правилникот за оценување на работата на Јавните обвинители е применлив во пракса.

4. Еден од многуте успешно реализирани проекти со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје е изолационата сесија за Изработка на стратегија за односи со јавноста на Јавните обвинителства, одржана на 05 и 06 Декември 2013 година во хотелот ТСС Grand Plaza во Скопје.Во процесот на подготовка на овој семинар беше остварена организациона соработка помеѓу Здружението на Јавните обвинители во Република Македонија, Здружението на новинари на Република Македонија, Секторот за односи со јавноста при Одделот за спречување на корупција и организиран криминалитет на Република Хрватска и Државното обвинителство на Хрватска. Во текот на семинарот од страна на г-дин Елвин Вели, Јавен обвинител во ВЈО Скопје беа презентирани законската рамка и постојаната пракса при воспоставувањето на односи со јавноста на Јавните обвинителства. Претседателот на Здружението на новинари на РМ, г-дин Насер Селмани во своето излагање ги изнесе аспектите за подобрување на комуникацијата меѓу обвинителствата, медиумите и јавноста. Од страна на хрватските експерти, г-ца Мартина Михордин, портпарол на Државното обвинителство на Република Хрватска и г-ца Наташа Ѓурковиќ, Раководител на Секторот за односи со јавноста при Одделот за спречување на корупција и организиран криминалитет на Република Хрватска беа изложени досегашните практични искуства и дадени воведни насоки за начинот на изработка и ефикасно спроведување на Стратегијата за односи со јавноста.

5. Одржани две работилници на тема "Финансиски истраги", за подрачје на Вишо јавно обвинителство Битола и Вишо јавно обвинителство Гостивар, финансиски поддржани од Британската Амбасада во Скопје, во соработка со Управата за финансиска полиција.Првата работилница се одржа во хотел Дрим во Струга, на 19.11.2013 година, а втората во просториите на Основниот суд во Тетово на 26.11.203 година. Овој проект се јавува како резултат на потребата за унапредување на начинот на водење на финансиските истраги, посочување на конфискацијата на нелагално стекнатите приходи како основна цел на финансиските истраги, а воедно и презентација на новиот софтвер I2 Analyst Notebook, презентиран од страна на претставници на Управата за финансиска полиција. Предавачи од редот на Јавните обвинители се г-ѓа Спасенка Андонова, Јавен обвинител во ОЈО за ГОКК и г-ѓа Сузана Мирческа Кузмановска, Јавен обвинител во ОЈО за ГОКК, додека од Управата за финансиска полиција предавачи се г-дин Јане Шилев, г-ца Јулијана Марковска, г-ѓа Сузана Петровска и г-ѓа Лидија Сиљаноска. Големата заинтересираност од страна на Јавните обвинители за учество на семинарот и вклученоста во дискусиите е показател за досегашното успешно спроведување на проектот.

6. Здружението на јавните обвинители во Република Македонија на покана на Мисијата на ОБСЕ во Скопје учествуваше во организација на семинар на тема "Жртви на кривични дела". Семинарот се одржа во хотел Арка во Скопје на 5-ти и 6-ти декември 2013 година за јавни обвинители од цела Република, адвокати и претставници од Министерството за внатрешни работи. На наше особено задоволство своја презентација и излагање на оваа тема имаше г-дин Марк Кован, Јавен обвинител од Канада, како и г-ѓа Љубинка Угриновска, Јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје и г-ца Вилма Русковска, Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

7. Здружението на Јавните обвинители во Република Македонија во соработка со Мисија на ОБСЕ во Скопје и Здружението на судии во Република Македонија учествуваше во реализирање напроект, наменет заизготвување на насоки за казнената политика и основни стандарди за практична примена на спогодувањето. Во процесот на подготовка беа формирани две подгрупи, од мешан состав, судии, јавни обвинители и адвокати, и тоа, едната подгрупа ангажирана за изготвување насоки за воедначена казнена политика, а другата заизготвување минимум стандарди за практична примена на спогодувањето.Концептот на проектот се однесува на изготвување на препораки со цел постигнување на унифицирана практична примена на насоките за казнената политика, кои понатаму ќе послужат како упатства за сите засегнати страни. Здружението на јавните обвинители на својата веб страна, како и за секој претходно планиран проект, објави јавен оглас за формирање на мешана работна група составена од 5 судии, 5 јавни обвинители, 2 адвокати и 1 професор по право. Таа работна група беше ангажирана за определен временски период. Стратешки партнери на здружението во рамки на проектот беа Здружението на судии на Република Македонија (ЗСРМ), Врховниот суд на Република Македонија и Јавното обвинителство на Република Македонија (ЈОРМ).

ЗДРЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бул. "Крсте Мисирков", б.б., Судска Палата, 1000 Скопје
tel/faks: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

ASSOCIATION OF PUBLIC PROSECUTORS OF THE REPUBLIC OFMACEDONIA
KrsteMisirkovb.b. Court Palace, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/Fax: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

**Како идни активности предвидени се:**

1. Организација на една регионална работилницаи одржување на последните две предвидени работилници за подрачје на Вишо Јавно обвинителство Скопје и Вишо Јавно обвинителство Штип, како дел од проектот Финансиски истраги.

## СОСТАНОЦИ НА ИЗВРШЕН ОДБОР

**1. 11.09.2013 година**

- Согласно деловникот за работа на Извршниот Одбор беше остварена телефонска комуникација меѓу членовите на Извршниот Одбор кои донесоа Одлука за овластени потписници на потсметка на Здружението, која е отворена заради реализирање на проектот Финансиски истраги.

**2. 17.09.2013 година**

- Одлука за донесување Правилник за Солидарен фонд со кој се уредува висината и начинот на издвојувањето на средствата, корисниците, основите за користење на средствата од фондот и постапката за остварување на правата од Солидарниот фонд на ЗЈОРМ.
- Одлука за донесување Правилник за начин и постапка за набавки од мала вредност со кој се уредува начинот и постапката за вршење набавки чиј вкупен износ месечно не е поголем од 500 евра во денарска противвредност без ДДВ.
- Одлука за донесување на правилник за членски книшки за членовите на Здружението со кој се уредува потребата, формата, содржината и начинот на издавање на членски книшки.
- Одлука за ангажирање на кандидатот Ана Арсовска како волонтер во Здружението.

**3. 28.11.2013 година**

- Согласно деловникот за работа на Извршниот Одбор беше остварена телефонска комуникација меѓу членовите на Извршниот Одбор кои едногласно донесоа Одлука за спогодбен раскин на договорот за вработување на определено време за правниот соработник Ана Гоговска Јакимовска.

ЗДРЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бул. "Крсте Мисирков", б.б., Судска Палата, 1000 Скопје
tel/faks: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

ASSOCIATION OF PUBLIC PROSECUTORS OF THE REPUBLIC OFMACEDONIA
KrsteMisirkovb.b. Court Palace, 1000 Skopje, Macedonia
Tel/Fax: + 389/ 02 3220 631, E-mail: office@zjorm.org.mk

**4. 05.12.2013 година**

- На барање на Академијата за судии и јавни обвинители, Извршниот Одбор на ЗЈОРМ донесе Одлука за избор и номинирање на член и заменик член во Управниот одбор а Академијата, при што за член е избран г-дин Ханефи Амети, Јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Тетово, додека за заменик член е избран г-дин Трајче Пеливанов, Јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје.
- Одлука за набавка на роковници за сите членови на Здружението.
- Одлука за склучување договор за дело за временски период од 6 месеци со Ана Арсовска, како дел од стручната служба на ЗЈОРМ.

**5. 27.12.2013 година**

- Врз основа наделовникот за работа на Извршниот Одбор членовите на Извршниот Одбор беа телефонски контактирани, при што донесоа Одлука за набавка на 11 рачни часовници во чест на пензионирањето на членовите на ЗЈОРМ.

**6. 17.02.2013 година**

- Одлука за организирање и одржување на Собрание на Здружението заради усвојување на завршна сметка, финансиски и годишен извештај.